**Известување за концентрација со која Тојота Мотор Корпорејшн, Јапонија, Актиеболагет Волво, Шведска  и Дајмлер Трак АГ, Германија ќе стекнат контрола над Целцентрик ГмбХ & Ко. КГ, Германија**

**(предмет бр. 08-123/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 10.08.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Тојота Мотор Корпорејшн, (*Toyota Motor Corporation*), со регистрирано седиште на Тојота-чо 1, Тојота Сити, Аичи, 471-8571 Јапонија, Актиеболагет Волво, (*Aktiebolaget Volvo*), со регистрирано седиште на Гропегордсгатан 2, 40508 Гетеборг, Шведска  и Дајмлер Трак АГ, (*Daimler Truck AG*) со регистрирано седиште на Фасаненвег 10, 70771 Лајнфелден-Ехтердинген, Германија ќе стекнат контрола над Целцентрик ГмбХ & Ко. КГ, (*cellcentric GmbH & Co. KG*), со регистрирано седиште на Ноје Штр. 95,73230 Кирхxајм унтер Тек, Германија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Тојота Мотор Корпорејшн е јавно тргувано друштво кое котира на Главниот пазар на Токиската берза, Премиум пазарот на Нагојската берза, Њујоршката берза и Лондонската берза, со седиште во Јапонија.

Тојота Мотор Корпорејшн е мултинационален производител на автомобили, главно активен во развојот, производството и продажбата на патнички автомобили, почнувајќи од компактни автомобили до теренски возила и пикапи, како и производството и продажбата на автобуси. Тојота, исто така, развива висококвалитетна технологија на горивни ќелии, вклучително и за патнички автомобили.

Тојота Мотор Корпорејшн нема поврзани друштва, подружници или претставништва во Северна Македонија.

Во Северна Македонија работи преку независен дистрибутер, друштвото ТОЈОТА АВТО ЦЕНТАР ДООЕЛ експорт-импорт Скопје.

Дајмлер Трак АГ, е мултинационална компанија со седиште во Лајнфелден-Ехтердинген, Германија, и јавно котирана на Франкфуртската берза преку нејзиното матично друштво Дајмлер Трак Холдинг АГ (*Daimler Truck Holding AG*). Дајмлер Трак е активна глобално во производството и продажбата на средно тешки камиони (анг. "**MDT**") и тешки камиони (анг. "**HDT**") за превоз на долги релации, дистрибуција и превоз на градилишта, како и специјални возила што се користат главно во општински цели.

Портфолиото на брендот за камиони ги опфаќа Mercedes-Benz, Freightliner, Western Star и Bharat Benz. Производната понуда на Дајмлер Трак за автобуси опфаќа градски и меѓуградски автобуси, туристички автобуси и шасии за автобуси. Додека во Европа Дајмлер Трак главно продава комплетни автобуси, се фокусира на шасии за автобуси во Латинска Америка, Мексико, Африка и Азија. Автобусите и туристичките автобуси се продаваат под брендовите Mercedes-Benz, Setra и Thomas Built Buses. Дајмлер Трак нуди и индустриски мотори, како и одбрани финансиски услуги.

Групацијата Дајмлер нема поврзани друштва, подружници или претставништва во Северна Македонија.

Во Северна Македонија работи преку независен дистрибутер, друштвото МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје.

Актиеболагет Волво е мултинационална компанија со седиште во Гетеборг, Шведска и јавно котирана на берзата Насдак во Стокхолм. Волво е активна на глобално ниво во производство и продажба на патни и теренски камиони, автобуси, градежна опрема, морски мотори, индустриски мотори за теренски возила и примена за производство на енергија и мотори за возила на автопат.

Групацијата Волво има едно поврзано друштво во Северна Македонија, Друштво за трговија, услуги и превоз на стоки ВОЛВО МАКЕДОНИЈА Втц ДООЕЛ, со седиште на 112 бр. 2/14 ЌОЈЛИЈА, Петровец и претежна дејност 46.710 – Трговија на големо со моторни возила. Дополнително, нејзините активности во Северна Македонија се извршуваат преку нејзината овластена дилерска мрежа, вклучувајќи го и Волво Груп Трак Центар Скопје.

Целцентрик ГмбХ & Ко. КГ е целосно функционално заедничко вложување кое е основано во 2021 година и е во сопственост и контролирано во еднаков удел од Дајмлер Трак и Волво. Седиштето му е во Кирххајм унтер Тек, Германија.

Целцентрик развива, произведува и комерцијализира системи со водородни горивни ќелии за употреба во тешки камиони (≥16 метрички тони) и други примени со споредливи барања низ целиот свет, вклучувајќи автобуси и други тешки возила.

Целцентрик нема присуство и нема активности во Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*
*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

13.08.2026 година

Скопје